РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

03 - 2710/1
10 -08- 2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 20 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата а во врска со член 3 став 1 алинеја 5 и член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Државната комисија за спречување на корупцијата на состанокот на колегиум одржан на 4 август 2021 година донесе

**ОДЛУКА**
**за определување службено лице за посредување со информации**

1. **Бурим Абази**, државен службеник вработен во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, распореден на работно место од група I – административни службеници, подгрупа 1 – државни службеници, категорија В, ниво В2 – Виш соработник за стручно-оперативна поддршка во водење на прекршочна постапка и следење на нејзиното извршување во Одделение за седници и односи со јавноста, Сектор за ИТ поддршка, општи работи, седници и односи со јавноста, се определува за службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата.

2. Службеното лице за посредување со информации по добивање на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер согласно листата на информации со кои располага Државната комисија за спречување на корупцијата и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

3. Државната комисија за спречување на корупцијата соработува со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

**Доставено и до:**

- Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk